Ненад Перошевиќ
Милош Вукановиќ

# Животот на партизаните



Клучно прашање

## На кој начин припадниците на партизанското движење го организирале животот на ослободените територии?

**Тема**

Темата го опфаќа периодот на Втората светска војна (1941-1945) на просторот од Југославија. Темата некогаш била многу застапена и детално проучувана во образовната програма на комунистичка Југославија, но по нејзиното распаѓање полека е смалувана во образовните програми на новонастанатите држави. Активностите на партизаните на териториите со кои раководеле во текот на Втората светска војна се и денес контроверзни.

**Цели**

- Критичко разбирање на комплексноста на збиднувањата во минатото
- Развивање на емпатија
- Препознавање на улогата на жената во војната
- Разбирање на причинско-последичните врски

**Очекувани резултати**

- Учениците ќе анализираат историски извори
- Учениците ќе учат за партизанското движење и животот на териториите кои ги контролирале во Втората светска војна
- Учениците ќе учат за животот на жената во партизанското движење во време на Втората светска војна

**Упатство за наставникот**

На почетокот од часот наставникот ја започнува работилницата со прашања за загревање, прашувајќи ги учениците следните прашања:

1. Кои биле партизаните?
2. Која била нивната идеологија?
3. Знаете ли нешто за партизаните од вашиот крај?

Наставникот продолжува со воведот. Учениците го читаат воведниот текст и ја анализираат картата. Наставникот ги поставува прашањата од крајот на воведот.

45 минути

Активност 1
Играње на улога - драматизација

Наставникот ги дели учениците во 4 групи и им дава извори. Користејќи ги изворите учениците треба да состават фиктивен извештај.

Група 1 – Живот и организација
Учениците во оваа група претставуваат политичко тело кое треба да состави фиктивен извештај за организирањети на животот на новоослободените територии, како напредокот во воспоставување на институции

Група 2 – Жртвување
Учениците во оваа група се претставници на партизански единица која штотуку се вратила од борба со непријателот. Треба да напишат извештај за борбата.

Група 3 – Жените во народноослободителната борба
Учениците во оваа група треба да направат фиктивна животна приказна за една партизанка: нејзиното потекло, каде и кога стапила во партијата, каде се борела во војната...

Група 4 – Грешки и злосторства
Учениците во оваа група припаѓаат на телото за внатрешна контрола кое треба да состави извештај за грешките и злосторствата кои ги има сторено нивната воена единица.

По читањето на извештаите, наставникот бара од учениците да ги споредат и продискутираат извештаите од другите групи.

За заклучок наставникот поставува прашања на крајот од работилницата и организира дебата.

| ДРЖАВИ | ПОВРШИНА km² |
|---|---|
| БЕЛГИЈА | 30.000 |
| ШВАЈЦАРИЈА | 41.000 |
| ДАНСКА | 43.000 |
| ЈУГОСЛАВИЈА (слободни територ. 1941) | 48.000 |

По започнувањето на борбите во окупираната Југославија (јуни-јули 1941) од страна на партизаните, ослободената територија се ширела, па во декември 1942 година нејзината површина била поголема од поедини европски држави. На одредени територии бргу се воспоставени нови органи на власта, народно-ослободиттелни одбори, како и стопанска структура, образование и здравство. Конечната цел на борбата била ослободување на Југославија од окупаторот, но и воспоставување на ново, комунистичко, општествено уредување. Овие цели, покрај со окупаторот, ги довеле во судир и со фракциите лојални на стариот режим, како и новосоздадените националистички групации. На ослободените територии новоформираните власти се обидувале да воведат дисциплина и контрола над својата група, но тоа не спречило разни злоупотреби и инциденти.

**Карта на територии ослободени од НОВ од 1941 -1944 година**




**1941**




**1942**




**1943**



**1944**

**Прашања:**

1. Кои подрачја биле најпрвин ослободени?
2. Каде и по каков терен најчесто се движеле?
3. Можете ли да наброите некои области од Југославија кои биле контролирани од партизаните во 1941, 1942, 1943 и 1944 година?

Извор **1**

**Организација на власта**

Народноослободителните одбори (НОО) се органи на револуционерната народна власт во Југославија создадени за време на Народноослободителната војна (НОВ) 1941-1945 година. Создавани се (избирани или именувани) од почетокот на вооруженото востание во 1941 година на ослободената, а подоцна и на неослободената територија. Народноослободителните одбори од своето формирање имале карактеристики на државни органи на власт. Носеле одлуки и упатства, решавале спорови на граѓани, воспоставувале правила и одредувале обврски, пропишувале начин на однесување, организирале помош на партизанските одреди и ги бранеле зачетоците на новиот поредок. Покрај на ослободените и полуослободените територии на Југославија, тие работеле и во непријателската позадина, во вид на одбор на единствениот ослободителен фронт, најчесто вршејќи стопански, политички и пропагандни функции, што сведочи за двојството на окупаторската и народноослободителната власт.

Извор **2**

**Образование**

За КПЈ (Комунистичката партија на Југославија) борбата за народна култура и народно просветување била составен дел од револуционерната борба. Од таму и актуелните слогани “Со образование до слобода” и “Не се оружје само пушки и топови, авиони и тенкови, туку знаењето”. Позната е и паролата “Книгата ни помага да ја освоиме слободата, слободата ќе ни овозможи да ја освоиме книгата”. Културно-просветната и културно-уметничката работа течела во рамките на партизанските воени единици, на ослободените територии и во рамките на дејноста на органите на власта и во организациите на жената и младината. Начелата и содржината на културните политики се истоветни во сите краишта на Југославија, се разликуваат само во специфичните облици кои биле израз на различните прилики и околности во кои се развивал одреден народ во Југославија.

Извор **3**

**Печат**

*( ), ( ),*
*( ),*
*( ), ( ),*
*( ), ( ),*
*( ), ( ) .*

Извор **4**

**Театар**

Борците со смисол за културно-пропагандна работа повлекувани се од борбените единици во уметнички единици. Четата од Ужичкиот одред прераснала во патувачки актив кој извел четири театарски претстави на ослободената територија. Покрај драмската екипа на слободната територија “Ужичка Република” активно делувале и пеачи и музичари. Големиот оркестар имал околу 30 членови, а во април 1942 година се создава театарски ансамбал – Театар на народното ослободување на Југославија. Во својот состав имал околу 60 членови, од кои многумина биле веќе познати и афирмирани драмски уметници кои ја напуштиле окупираната територија.

Извор **5**

**Воено стопанство**

Во ослободеното Ужице во 1941 година, обновена е фабриката за оружје која за 67 дена произвела 21.040 пушки, 18.000 рачни бомби, 2.700.000 куршуми и др. На Озрен партизаните произведувале рачни бомби од водоводни цевки, со дршка од дрво по која го добиле и името “клипачи”, бидејќи личеле на клип од пченка. Веќе во средината на септември 1941 година во Дрвар започнало да се изработуваат фабрички бомби како оние од Воениот завод во Крагуевац. Моделот го изработил механичарот Милош Баук и тие по него биле наречени “бауковки”, додека востаниците од Лика ги нарекувале “дрварки”, видејќи доаѓале од Дрвар. Се смета дека се произведени околу 6.000 бомби од овој тип. Во Грмеч, организирана е најголемата фабрика за оружје во Босна и Херцеговина, која работела се до јануари 1943 година. На Петрова Гора веќе во октомври 1941 година започнала да работи работилница за производство на бомби, поправка на пушки и сл. На територијата од Црна Гора (во Рудине) исто така работеле партизански работилници: опиничарска, кројачка, пушкарска, чевларска и столарска. Во поедини краишта на Југославија на слободната територија биле создавани сточарски фарми кои се наоѓале во сопственост на народноослободителниот фонд. Во Црна Гора, на подрачјето од Пива, во мај 1942 година, формирани се сточни фарми кои им давале млеко и месо на борците, ранетите и болните. Овие фарми, создадени најчесто со реквизиција или со запленување, ги имало 19. Вкупниот број на стока изнесувал: 174 молзни крави, 264 грла говеда за месо, 1.497 молзни овци, 2.158 јалови овци, 392 молзни кози и 311 јалови кози. Партизанската економија “Струга” во Прекај основана е пролетта 1942 година од влог на овци кои ги дале домаќините. По окупацијата на Италија, септември 1943, на островите започнале да работат и бродоградилишта: во Вела Лука на Корчула, на островите Брач, Хвар, Дуги оток, Корнати, Иж, Вис и Ластово. Од почетокот на октомври 1943 година до декември 1944 година во тие бродоградилиште се извршени околу 600 различни поправки на бродови.

***Извори 1,2,3,4,5 и 6:*** *B. Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. 2, Beograd 1988; Vojna enciklopedija, tom 5, Beograd 1973; Z. Lakić, Duhovni otpor fašizmu – Jugoslavija 1941-1945, Istorijski zapisi, br. 2/1995; Z. Lakić, Poslijeratni razvoj kulture u Crnoj Gori (1945-1980), Bibliografski vjesnik, br. 1/1983;*

Извор **6**

**Фотографија и текст за НОВ**

Партизанските единици биле организирани во бригади. На сликата 1 Командантот Тито ја прегледува Првата пролетерска бригада.
Слика 2 Постројување на Четвртата црногорска пролетерска бригада.

*Kobsa, Ljubljanović, Rastić, ILUSTRIRANA POVJEST NOBa U JUGOSLAVIJI 1941-1945, Stvarnost, Zagreb, 1973.*





Извор 1

**Игманскиот марш бил марш на Првата пролетерска бригада, остварен со големи загуби, во ноќта 27 јануари 1942 година.**

Претходницата на колоната се проби на Игман околу 22 часот. Беше потребно уште само малку време за колоната да навлезе во Игманските шуми и да престане сета опасност која и претеше на бригадата, додека минуваше покрај непријателот. Штом челото од колоната изби на патот Сараево – Блажуј, Првиот баталјон ја издвои втората чета за да го обезбедува правецот до Сараево, а дел од третата чета кон Блажуј. Во подножјето на Игман бригадата се збогува со своите водичи – борци од Семизовачката чета на Црновршкиот баталјон. Бригадата не е веќе во опасност, но тие се. Мораа да се вратат по истиот пат. Бригадата тргна покрај Игман. Наидовме на нова пречка. Патот покрај Игман водеше косо на една страна, а потоа, на околу 300 метри од патот, нагло вртеше готово вертикално низ ридот. На тој стрмен пат беше заледен, а ледот покриен со тенок слој од лед. Многумина се слизнаа на него, паѓаа и со крајни напори, честоползејќи, ја совладаат таа поледица. Најтешко беше да се помине со натоварените коњи. Нивните мали, босняски потковици, со шајки со мала глава, или стари поткови, повеќе им “помагаа” на коњите да се лизгаат отколку да поминат преку ледот. Колоната на тоа опасно место правеше застој. Опасноста растеше. Целата колона се најде збиена на мал простор. Патот Сараево – Блажуј беше очистен и по него можеше да дојде непријателската моторизација.
Командантот на бригадата Коча Поповиќ дојде да види зошто колоната застанала. Гледајќи ја причината, нареди со секири да се искрши ледот, а коњите да се растоварат. Борците ги земаа митралезите, минофрлачите и другата опрема. Ги носеа на рамена и ги извлекуваа коњите низ таа стравична стрмнина. Луѓето на неа беа поиздржливи од коњите!
Застојот во подножјето на Игман, на ретко видено студенило, е главната причина за премрзнувањето на голем број на борци. Залудно се повеќе цупкаа во место. Ни тоа веќе не помагаше. Некои борци од крајот на колоната, кои сеуште беа во селото, не можеа да го поднесат се посилниот студ и влегле во куќите да се стоплат. Тоа скапо ги чинеше. Снегот од нивните чизми се стопи, но штом излегоа од куќите се претвори во лед. На многу борци кои го носеа оружјето од растоварените коњи им се заледиа и прстите на рацете.
Игманскиот марш беше се потежок и потежок. Наносите од снег се поголеми. Одозгора од Игман, борците ги гледаа светлата во Илиџа, Рајловец и Сараево. Знаеа дека таму е топло, но и дека таму е и непријателот. Како што колоната се повеќе се искачуваше низ планината, студот стануваше се поостар. Пред утрото стегаше најжестоко. Колоната од партизани маршираше веќе десет часа без одмор, уморна од претходниот ден, но и гладна. Сила во борците имаше се помалку, а планинате стануваше се посурова и постудена. Послабо облечените борци посилно го чувствуваа студот, иако се движеа. Ги храбреше надежта дека и тоа ќе го совладаат, осто како што го избегнаа непријателот на овој тежок марш.
Челото на колоната околу 8 часот пристигна на Велико поље. Тоа беше голема планинска куќа на спрат, штаб на Игманската партизанско-четничка чета. Четниците и партизаните во тоа време сеуште соработуваа во борбата против Германците. Многу срдечно ја дочекаа бригадата, на борците им дадоа да јадат тоа што имаа и им помагаа на борците да ја соблечат измрзнатата облека. Борците кои стапнале во поток и оние кои свратиа да се стоплат по куќите на почетокот од маршот имаа проблеми да ги соблечат заледените чизми. Болничарките, несмрзнатите борци и затекнатите партизани, сите без разлика, забрзано ги масираа промрзнатите.

*Miloš Vuksanović "Prva proleterska brigada"; "Narodna knjiga" Beograd, "Pobjeda" Titograd; 1981. godina*

Извор 2

**Низ планините на Босна**



Извор 3

На Втората далматинска бригада Тито и даде за задача во текот на ноќта да прејде на другата страна од Неретва, да направи импровизиран мост преку кој би поминале војската и ранетите. Враќајќи се од Главниот штаб, командантот на бригадата Љубо Вуковиќ на командантот на Третиот баталјон, тогаш деветнаесетгодишнит Бруно Вулетиќ, иден генерал на ЈНА (Југословенска народна армина), му нареди да состави десетина која ќе изврши титова наредба. Десетината ја предводеше Глишо Опачиќ. Од жица направија каиши на кои висеа мали италијански бомби со разорна моќ... Далматинци, и пливачи и јунаци – не знам дали некој беше постар од дваесет години – скокнаа во ледената и застрашувачка Неретва. Опачиќ, кој во забите држеше челична сајла, успеа да ја врзе на брегот од другата страна. Беше ноќ и врнеше силен дожд.
Кога дружината на Опачоќ пристигна на другата страна на Неретва, со бимви ги нападнаа четниците кои се дадоа во бегство, оставајќи коњи, храна, муниција... Со помош на сајлата од Глишо Опачиќ изграден е импровизиран мост преку Неретва. Борците со ранетите полека преминаа на другата страна. Бев седумнаесети во редот...

*Tamara Nikčević, Goli otoci Jova Kapičića, Daily Press, Podgorica, 2009*

Извор **4**

**Неретва**



*Kobsa, Ljubljanović, Rastić, ILUSTRIRANA POVJEST NOBa U JUGOSLAVIJI 1941-1945, Stvarnost, Zagreb, 1973.*

Извор **5**

**Мојот гроб – Иван Горан Ковачиќ**

Во темната планина нека ми биде гроб,
нед него волчји вик, на црниот гавран дроб,
во лето вечен виор, во зима висок снег,
маката на мојот коп, недостапен бег.

Високо нека стои, како облак и трон,
да не допре до него од ниската кула ѕвон,
да не допре до него покајнички глас,
страв на конвертит, молитва за спас.

Нека бликне во трева, крај трновит грм,
беспатие до него, непробоен, стрм.
Никој да не дојде, до пријател драг,
и кога ќе се врати, нека сокрие траг.

*Moj grob - Ivan Goran Kovačić*

Извор **6**

“За жал, факт е дека по море не пративме готово ништо од помошта за 222.000 Титови борци. (...) Овие издржливи борци врзаа повеќе Германци во Југославија отколку здружените англо-американски сили во Италија јужно од Рим. Германците се во збрка по падот на Италија, па партизаните превземаа контрола над голем дел од брегот. И покрај тоа, ние не ја искористивме можноста. Германците бргу се опоравија и ги потиснаа партизаните чекор по чекор. Главна причина за тоа е неприродната линија на Балканот. (...) Бидејќи партизаните ни пружија сесрдна помош без готово никакви трошоци, би било од голема важност да се осигура трајност на нивниот отпор”.

Винстон Черчил, *Мемоари*, 24. ноември 1943.

Извор 1

Во НОВ на Југославија се бореле над 100.000 жени, од кои 25.000 погинале. Од околу 40.000 жени колку што биле ранети во текот на НОБ, преку 3.000 останале тешки инвалиди. За народни херои прогласени се 91 жена, додека 3.344 добиле партизанска споменица* 1941. Повеќе од 2.000 жени станале идни офицери на НОВ на Југославија. Жените-борци биле: делегати, политички комесари, командири и команданти, референти на санитетот, болничарки, борци, пушкомитралезци, бомбаши, партиски и скоевски раководители и одборници во Народноослободителните Одбори. Од околу 1.700.000 Југословени, колку што страдале во текот ва Втората светска војна, околу 620.000 се жени, а само во логорите се убиени повеќе од 282.000.
Од 91 жена колку што се прогласени за народни херои, 73 загинале во текот на НОБ, додека 17 од ним се одликувани додека се живи. За прв народен херој е прогласена Марија Бурсаќ, на 10.10.1943 година, борец-бомбаш од Десеттата краишка бригада. Прва жена која додека била жива е одликувана со Орден на народен херој е Спасенија Цана Бабовиќ, која е одликувана на 05.07.1952 година.

*Narodni heroji Jugoslavije, „Mladost“, Beograd 1975. godina*

Извор 2

**Рајка Баковиќ**

Рајка е родена во имотно семејство на брачкиот иселеник Фране Баковиќ во боливискиот рударски град Оруро, каде што нејзиниот татко со братот поседувал хотел и продавница. Семејството во 1921 година се вратило во Југославија поради школување на децата (Зденка, Јерко, Рајка и Младен). По завршувањет на основното училиште на Брач, Рајка со семејството се преселила во Загреб, каде што татко и купил куќа (троспратница на улица Гундулиќ бр. 25). Уште како гимназијалка Рајка се доближила до лево ориентираната младина, така да во 1938 година е примена во СКОП (Сојуз на комунистичката младина на Југославија). Истата таа година се запишала на Филозофскиот факултет при универзитетот во Загреб, каде што продолжила со политичката активност, нарочно поврзана со подготовките за изборите 1939 година. И целото нејзино семејство, сестра и Зденка, браќата и мајката, биле лево ориентирани и активни во сите организации на класното работничко движење, така да Рајка наскоро им станала позната на сите комунисти. Нивниот стан стана собиралиште на лево ориентираните младинци, работници и интелектуалци. По смртта на нејзиниот татко, семјството Баковиќ западнало во материјални потешкотии, па поради тоа во 1939 година купува трафика во улица Николиќ бр. 7, покрај тогашното кино (денес Загребски театар на млади).



Рајка Баковиќ на 24 јули 1953 година е прогласена за народен херој на СФР Југославија.

По избувнување на војната, нивната трафика станала пункт за врска на сите партиски илегалци, а со материјал и техника го снабдувала и Централниот комитет на Комунистичката партија на Хрватска, во која работел и нејзиниот брат Јерко. Рајка била и доверлив курир на движењето на отпорот, носела пораки во Белград и други градови, а учествувала и во акции на ударната група на СКОЈ, како што е палењето на дрвениот стадион во Максимир. Меѓутоа, нејзината илегална работа не останала неприметена, па во ноќта на 20 декември 1941 година во станот на семејството Баковиќ влегле агенти на Усташката надзорна служба (УНС), извршиле претрес и ги уапсиле Зденка, Рајка и Младен. Двете сестри се подвргнати на тешки мачења како би ги издале своите врски. Ноќе се мачени, а дење водени во трафиката на работа, како би се појавиле некои од илегалците, но тоа на полицијата не и помогна. Сестрите никого не поткажаа и покрај тешкото малтретирање. По петнаесетдневно мачење Рајка на 24 декември е превезена во болница, а Зденка утредента, гледајќи дека ја нема сестра и, во момент на очај искористила момент на невнимание на стражарите, се фрлила од четвртиот спрат на седиштето на УНС и загинала. Рајка Баковиќ умира од последици на мачењето на 29 декември 1941 година.

*"Narodni heroji Jugoslavije", "Mladost" Beograd 1975. godina.*

Извор 3

**Фана Ковачевска Цветковиќ**



Родена е на 27 јули 1927 година во с. Лавци крај Битола, во сиромашно семејство на македонски печалбари. По окупацијата на Југославија, во селото Лавци постоела силна партиска организација, под чија закрила работел и активн на СКОЈ, чиј што член била и младата Кочевска. Бугарските фашистички окупатори успеале да уапсат еден од членовите на СКОЈ, кој што лошо се држел пред полицијата, идавајќи ги останатите членови. Фана успеала да се засолни од фашистичката полиција, која дошла во селото да ја бара, претресувајќи ја нејзината куќа и малтретирајќи ги нејзината мајка и баба.

Фана продолжила да работи илегално. Набргу потоа отишла во партизанскиот одред "Гоце Делчев". Тогаш немала ни полни петнаесет години. Во пролетта 1944 година, Фана била дел од групата од 7 борци кои требало да го прекинат производството во рудникот за олово кај Злетово со уништување на машините за производство. Задачата била да ги нападнат бункерите кои ги држеле бугарски и германски фашисти. Задачата била извршена, но Фана била ранета. Другарите едвам ја спасиле од непријателскиот оган. Штабот на бригадата одлучил да ја остават на лечење во селото, со останатите ранети. Фана одбила да остане и продолжила понатаму со бригадата.

Се истакнала во борбата кај селото Лавци во 1943 година, кога загинаа командантот на одредот Тошо Ангеловски Даскалот, младиот бомбаш Панде Хајзе и уште неколку другари. Скривајќи се по околните села околу месец и половина со една група на партизани, Фана едно четири пати останува сама, опкружена со бугарски патроли, кои денонокно вршеле претреси и потери, знаејќи дека партизаните се наоѓаат во близина. Фана била учесник на дваесетдневниот Февруарски поход во 1944 година, од Кожув до Козјак. Тогаш е веќе младински раководител на баталјонот "Стив Наумов".

*"Narodni heroji Jugoslavije", "Mladost" Beograd 1975. godina.*

Извор 4

**Вида Томшиќ**

Родена е на 26 јуни 1913 година во Љубљана. Тука завршува основно училиште и гимназија. Во 1931 година се запишува на Филозофскиот факултет, а подоцна преминува на Правен факултет, на кој и дипломирала во 1941 година. Во теот на студиите се приклучила на студентското движење и учествувала во многу штрајкови.

Во 1034 година станува член на Коминистичката партија на Југославија. Истата година се запознала и со својот иден сопруг Антон Тоне Томшиќ, народен херој. Во ноември 1934 година е уапсена и осудена на 9 месњци затвор. По излегувањето од затворот, продолжува со илегалната работа во партиската организација. Учествува во печатењето и ширење на илегални весници и брошури. Извесно време работи како инструктор на Централниот комитет на Комунистичката партија на Словенија.

(...) Од првите денови на окупацијата на Кралството Југославија, учествува во подготовките за вооружено востание и работи на зацврстување на организацијата на подрачјето од Љубљанската покраина. Во почетокот на 1941 година учествува во основањето на партискиот весник "Наша жена". Во август истата година, како илегалец по кој била распишана потерница, раѓа син. По дојава на еден предавник, Италијаните на 10 декември 1941 година ќе ја уапсат, заедно со сопругот Тоне, под илегално име Марија Певец. Во затворот е мачена како би ја признала илегалната работа на нејзиниот сопруг, за кој се сметало дека е еден од главните водачи на востанието. Ништо не признала, дури ни своето вистинско име. Потоа, заедно со сопругот, Михо Маринко и Пепц Кардењ, е одведена во затворот на Гестапо, но тие потоа повторно ја враќат на италијаните.

На 16 мај 1942, италијанскиот воен суд, на процесот против Тоне и останатите ќе ја осуди на 25 години затвор. Кога нејзиниот сопруг бил стрелан, неа ја одвеле во затвор во Венеција, потоа во Анкона, па во Кампобусо и во Тран.

По окупацијата на Италија, заедно со други затвореници, доведена е во логорот на англо-американската војна управа во Карбонари, кај Бари. Тука организирала партиска организација во логорот и била меѓу основачите на прекуморската бригада, во која едно време била и заменик на политичкиот комесар.

Во јануари 1944 година се враќа во Словенија. Од април до  1944 година го уредува гласилото "Људска правица" и обавува организациони работи во Централниот комитет на ПК Словенија. Во почетокот на 1945 година пратена е на работа во војската во Приморска, каде што како член на Политбирото на ЦК КПС, помага во работата на Обласниот комитет на КПС.

По ослободувањето на Југославија Вида Томшиќ врши значајни функции. Во органите на власта била министер за социјална политика во Владата на Народна Република Словенија, претседател на Контролната комисија на НР Словенија и член на Извршниот комитет на Собранието на НР Словенија.

*"Narodni heroji Jugoslavije", "Mladost" Beograd 1975. godina.*

Извор 5

**Другарки од I баталјон на IV пролетерска бригада, Сутјеска, 1942**



*Muzej Istorije Jugoslavije, inv. br. 13699.*

Извор 1

**Титовата наредба**

За жал, во последно време се случуваат такви работи во некои наши единици кои се недостојни за секој оној кој се наоѓа во редовите на нашата војска. По пат на насилно одземање на храна и стока од селаните, како од поединци, така и од одговорни органи, се руши угледот на нашата војска како народна војска, а воедно се создава кај народот и непријателско расположение против нашата војска, што може, во најкратко време, за нас да има катастрофални последици. Таквите дела им одат на рака на крвните непријатели на нашиот народ и нашата војска и им помагаат на тој начин да ги постигнат своите цели кои досега не успеаа да ги постигнат со оружје.

НАРЕДУВАМ

Секоја појава на пљачка и насилство темелно ќе се испита и најитно во случај на утврдена вина виновниците мораат да се стрелаат.
Да се превземат сите мерки како во нашите би се воспоставил дисциплина која до сега владееше и без приговор да се извршуваат сите наредби на претпоставените старешини.

Извор 2

Фактот дека извесен број на борци, па и партиски членови, лошо се однесува со населението (во што се согледува слабоста и заспаноста на партиската организација и раководство), доколку се поврзе со претходните случаи на дезертерство, се покажува дека сеуште не се изживеани слабостите во нашата партиска организација.

Извор 3

Овие денови е стрелан Петар Крњаиќ, бивш командир на чета и бивш командант на Првиот баталјон... по нападот на Прекоп повикан е во штабот на Првата оперативна зона да објасни зошто наредил селото да се запали, а сите машки постари од 16 години да се убијат.

*Извори 1.,2. и 3.: D. Lazarević, P. Damjanović, O partiji i ulozi komunista, Knjiga 2 Institut za savremenu istoriju u Beogradu, Narodna Knjiga, Beograd, 1984.*

Извор 4

На 17 јули 1942 во 21:30 упаднаа 15 вооружени партизани во селото Сресер, 4 км. Северно од Јањина, одземајќи им на тамошните селани пари и разни предмети, и тоа:
На Томислав Матијашевиќ Стјепановиќ, од Св. Марија, општина Драшковац, котар Вараждин, трговски патник, сега привремено населен во Сресер, партизаните му одзеле готовина од 34.070 куни од сандукот, 4 руби, 5 пара чорапи и други ситни работи, кои не можел точно да ги опише, во вредност од 3.000 куни.
На Томислав Ножикиќ трговец од Сресер, партизаните му одзеле 20 кг. компир, една вреќа за компир, 2 литри масло, 1 пршут, 1 лонец за готвење од 6 литри, 30 метри јаже, 2 калодонта, 2 четки за заби, 10 парчиња ножеви за бричење, 800 цигари Рама, 2.000 куни готовина, сето тоа во вкупна вредност од 6.000 куни. Барале 100.000 куни готовина, но овој немал, па потоа ја напуштиле куќата.
На Перо Кучера од Сресер, земјопоседник, партизаните му одзеле 20 кг. пченично брашно и му запретиле, доколку пријави кај италијаните дека ќе го убијат. На сите тројца им запретиле никому ништо да не говорат, бидејќи ќе им ги отсечат главите.
Една партизанска група од десет луѓе запленила два вола од херцеговачкиот сточар Мишко Папац, на ридот Св. Илија, источно од селото Наковањ. Папац овој слушај го пријавил во Оребиќ.

*Sve naše Dakse, Joška Radica, Dubrovnik, 2003. str 69.*

Извор 5

Во април се убиени двајца комунисти кои успеале да побегнат од четничкиот затвор (Радомир Јованчевиќ и Миодраг Медо Ќулафиќ), затоа што како партизани дозволиле живи да паднат во рацете на класниот непријател и да го испрлаат партизанското оружје. Во Црмница е убиен санитетскиот генерал Мило Иличковиќ заедно со сопругата од Русија, како и Боса Пламенац, член на Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) бидејќи не сакала да се откаже од своето семејство. Во Пива е ликвидиран Тадија Тадиќ со тројца роднини, политички комесар на Плавската чета, бидејќи не сакал да го издаде стрико си... Бројни други слични убиства, кои имале белег на ликвидации бидејќи претходно била донесена одлука, создале атмосфера на страв и терор во кој никој не знаел кој е следниот. Покажаната свирепост е тешко објаснива со идеолошки флоскули. Впрочем, вакви појави скоро и да немало во други краишта на Југославија, без оглед на тоа што директивата на Централниот Комитет на КПЈ се спроведувала преку партиската организација.

*Živko M. Andrijašević-Šerbo Rastoder, Istorija Crne Gore, CZICG, Podgorica 2006., str. 413-414*

**Прашања за завршна дискусија:**

1. Какви активности спроведувале партизаните на ослободените територии?
2. Кои биле целите на тие активности?
3. Какви последици, позитивни или негативни, можеле да произведат овие активности?